

Д-р Јане Коцабашија

# Никола Порјазов (1904-1976)

## *- живот посветен на Црквата и црковното пеење*

Благодарение на моите повремени пројави за црковното пеење во Македонија на некои радио и телевизиски програми и на објавените резултати од истражувањата за нашето црковно-музичко минато во разни периодични списанија, како што се „Премин", „Музика", „Пелагонитиса" и др., како и на моите десетина досега објавени книги за црковното пеење од словенско-византиската традиција, често се случува да ме побараат на телефон, главно, непознати луѓе и да ме известат дека во своите домашни библиотеки имаат стари црковно-музички книги и ракописи. Ставајќи ми ги на располагање своите семејни сокровишта, овие луѓе во неколку наврати ми овозможија да откријам пред културната јавност нови сознанија од извонредна важност за црковното пеење и воопшто за македонската национална култура.



Најновото за коешто на овој начин бев известен, беше оставнината на црковниот пејач Никола Порјазов (1904-1976), која уште веднаш ми беше ставена на располагање од страна на неговиот син Милан Порјазов од Скопје, инаку познат како долгогодишен општественик и културен работник. Станува збор за прилично обемен ракописен и печатен материјал со разни литургиски и црковно-музички содржини, како и поголем број добро сочувани фотографии, како сведоштва за неговите преокупации со световната и црковната музика.

Веќе по првичното разгледување на ракописните музички материјали, бидејќи тоа беше главниот предмет на моето интересирање, можев да заклучам дека нивниот пишувач има солидни музички познавања од европската музичка теорија. Со оглед на времето во коешто тие биле препишувани (меѓу двете светски војни, а некои можеби и подоцна), како и што очекував, главно, тоа беа партитури за разни видови на хорови, како и едногласни пенија од т.н. мокрањчево црковно пеење, сите пишувани на западното музичко писмо. Колку за потсетување, со потпаѓањето на вардарскиот дел на Македонија под власта на Србија кон крајот на Првата светска војна, традиционалното црковно пеење во македонските цркви беше заменето со *српското народно црковно пеење,* а во училиштата беше воведен српскиот јазик.

Но, на мое големо изненадување, во некои од ракописните псалтикии на Никола Порјазов открив и одреден број стихирариски напеви од словенско-византиската традиција, како и хорски црковни творби од познатиот бугарски композитор и византолог со македонско потекло Петар Динев. Фактот дека сите овие музички материјали се напишани на европската музичка нотација, ме наведуваат на заклучок дека тие се набавени од Бугарија или се препишани од тогашните изданија на Динев, којшто целокупното свое црковно-музичко творештво го напишал со западно нотно писмо. Но, треба да се нагласи, дека и покрај тоа што Динев своето творештво го хармонизирал за разни видови хорски ансамбли во духот на европската музика, тематскиот материјал на неговите црковни творби има препознатливо византиски карактер.

Ова откритие ме стави во недоумица: каде и кога Никола Порјазов можел да се запознае и да го применува црковното пеење од старата традиција? За да се разреши оваа дилема, на ова место неопходно е да се изнесат основните податоци за неговиот живот.

Никола Порјазов е роден 1904 година во Прилеп. Освен работата во ковачницата на неговиот татко Андон, во којашто го изучувал ковачкиот занает, секоја сабота и недела присуствувал на богослужбите во црквата во Кривогаштани. Тука тој ги стекнал првите сознанија за верата и бидејќи имал убав глас и бил многу музикален, започнал да го совладува и источното црковно пеење. Во оваа селска црква Никола ги стекнал првите искуства од црковното пеење, по сè изгледа, во духот на старата традиција, бидејќи *српското народно црковно пеење* сè уште не е сосема навлезено, особено не во помалите селски цркви. Но, и покрај тоа, неговата дарба за музика и афинитетот за црковното пеење не останале незабележани од српското свештенство. Од татко му Андон српските црковни власти побарале дозвола синот Никола да биде испратен на школување за свештеник. Освен отпорот кон црковно-српската пропаганда, Андон имал уште една причина да не го пушти сина си на школување во Србија: Никола му бил десна рака во ковачницата и ако тој заминел, немало кој да го одмени, бидејќи неговите помали машки деца сè уште биле мали. Младиот Никола не бил многу разочаран од одлуката на татко му. Напротив, овој настан како да ја зацврсти неговата приврзаност кон Црквата и црковно пеење. Оваа негова определба подоцна преминала во целосна посветеност којашто траела до крајот на неговиот живот.

Ковачкиот занает којшто одлично го совладал кај својот татко, подоцна му овозможил да се вработи во Ложилницата на железничката станица во Прилеп, каде што брзо се вклопил во работата, а успеал да добие и мајсторска квалификација. Секој миг од своето слободно време го посветувал на црковното пеење и воопшто на музиката. Истовремено членувал во црковниот хор и во Градскиот дувачки оркестар, каде се стекнал со неформално музичко образование. Свирел тромбон и со оркестарот редовно настапувал на градските свечености во Прилеп.

На прагот на 30-тите години се жени со Анастасија, со која започнува скромен, но хармоничен семеен живот. Кога во 1934 година била укината прилепската ложилница, Никола останал без работа; со својата сопруга и двете ќеркички се преселува во Скопје, вработувајќи се во Ложилницата на скопската железничка станица. И во новата средина Никола Порјазов продолжил со своите музички активности и станал член на Големиот дувачки оркестар во музичкото друштво на Ложилницата Скопје. Тој бил редовен посетител и на скопските цркви, учествувајќи во црковните хорови, каде што бил особено ценет заради неговиот убав глас и одличното познавање на богослужбата.

За време на окупацијата, во скромното живеалиште на Никола, кое се наоѓало на Водно, доаѓале и се криеле голем број партизански курири, борци и родољуби. И во годините по ослободувањето Никола Порјазов продолжил да работи во скопската ложилница, каде што за своите извонредни резулати во работата бил награден со медал на трудот. Заради тешките услови за работа неговото здравје сè повеќе се трошело. Во 1956 година, на 53-годишна возраст, предвремено е пензиониран како инвалид на трудот. И во овие околности Никола Порјазов нашол сили целосно да ѝ се посвети на својата преокупација - Црквата и црковното пеење. Неговите ангажирања на овој план се остварувале во црквата на свети Димитриј во Скопје, каде што како црковен пејач бил многу почитуван од свештениците и омилен меѓу верниците. Со свештениците и членовите на црковниот хор ги посетил сите поголеми и позначајни цркви и манастири во Македонија. Како човек, верник и црковен пејач воспоставил блиски и пријателски односи со неколку архиепископи и архиереи од Светиот синод на Македонската Православна Црква. За неговото ангажирање на полето на црковното пеење и за неговиот придонес во осамостојувањето на Македонската Православна Црква, на Никола Порјазов му е доделен почесен свештенички чин - протоѓакон. Бил избран за делегат и учествувал на Црковно-народниот собор одржан во Охрид на 4 јули 1967 г., кога е возобновена автокефалноста на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква.

За големиот углед што го уживал Никола Порјазов најубаво говори фактот што на церемонијата во црквата на свети Димитриј по повод неговата смрт на ден Бадник, 6 јануари 1976 година, чиноначалствувал господин господин Доситеј, првиот Архиепископ Македонски, во сослужение со уште осум архиереи и свештеници.

По овие редови за животниот пат на Никола Порјазов повторно ѝ се враќаме на веќе искажаната дилема: каде и кога Никола Порјазов можел да се запознае и да го применува црковното пеење од старата традиција? Првата веќе изнесена претпоставка дека младиот Никола црковното пеење од старата традиција го слушал и пеел уште пред доаѓањето на Србите во Македонија, како момче од 15 или 16 години, стои прилично уверливо. Но, стои и претпоставката, дека пеењето од словенско-византиската традиција можел да го научи и значително подоцна во селските цркви каде што, како што е веќе спомнато, српските црковни власти, во недостаток на сопствен свештенички кадар, не можеле да имаат некоја поголема контрола, па, од немајкаде, им дозволувале на селските попови и псалти да пејат како што знаат и умеат.

Со оглед на тоа што Никола Порјазов живеел во Прилеп и Скопје, може да се претпостави дека, како градски псалт, морал одлично да го владее српското, т.н. мокрањчево црковно пеење. На тоа упатува и фактот што во неговата музичка збирка најголемиот дел му припаѓа на ова пеење. Но, од друга страна, бројните печатени и ракописни псалтикии кои содржат пеанија од словенско-византиската црковно-музичка традиција, настанати во периодот меѓу двете светски војни, а можеби и подоцна, говорат и нешто друго: дека Никола Порјазов имал сознанија и свест за долгата традиција на црковното пеење на територијата на Македонија во духот на старата словенско-византиската традиција, од една, и за насилно наметнатото *српско народно црковно пеење* во македонските храмови, од друга страна.







Со оглед на тоа дека пред потпаѓањето на вардарскиот дел на Македонија под српска власт постоеле печатени и ракописни псалтикии само со невматско писмо, а подоцна кога со неговото исфрлање од употреба, веќе не се изучувало никаде, Никола Порјазов, којшто ја познавал само европската музичка нотација, црковно музички изданија на ова нотно писмо можел да набави само во Бугарија, каде што биле во употреба двете музички нотации: византиската и европската.

За жал, Порјазов не ни остави податоци за тоа, од кој период потекнуваат неговите преписи на црковните напеви од старата традиција, иако судејќи според евидентните промени во ракописот, може да се каже дека тоа го правел во подолг временски период, а можеби и во текот на целиот свој живот. Ако е тоа така, тогаш можеме да ја разбереме тивката тага на Никола Порјазов по нашата долга традиција на црковното пеење, која пред негови очи беше грубо прекината.

Со понатамошно детално и аналитичко разгледување на неговата оставнина и со споредување на нејзините црковно-музички содржини со оние од други македонски псалти, ќе може да се каже нешто поодредено за местото, значењето и за придонесот на Никола Порјазов во развојот на црковното пеење во Македонија во 20-от век. Дотогаш ќе останеме при оваа првична претстава за него и за неговиот живот посветен на Црквата и на црковното пеење. Остануваме и при верувањето дека има некоја симболика во самиот факт што неговата личност, макар и во општи црти, се појавува на дневната светлина точно на 40-годишнината од возобновувањето на автокефалноста на Македонската Православна Црква.

Скопје,
8 март, 2007